# КУРВИТЕ НАЃАВОЛОТ

ЕЛЕНА ВЕЛЈАНОВСКА

ЛЕКТОР:
СНЕЖАНА ШТРКОВСКА

ИЗДАВАЧ:
ВЕЛЈАНОВСКА, ЕЛЕНА

ИЛУСТРАТОР:
ЈАНА МАРКОВСКА

ГРАФИЧКИ УРЕДНИК:
ЈОВИЦА РИЗОВСКИ

ПЕЧАТИ:
POLYESTERDAY – СКОПЈЕ

ТИРАЖ:
150

Сите права се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавен во која било форма без писмена согласност на издавачот.

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1

ВЕЛЈАНОВСКА, Елена
Курвите на ѓаволот / Елена Велјановска. - Скопје : Е.Велјановска, 2015. - 52 стр. ; 20 см

ISBN 978-608-245-066-7

COBISS.MK-ID 98639370

# КУРВИТЕ НА ЃАВОЛОТ

ЕЛЕНА
ВЕЛЈАНОВСКА

# ЗИГОТ

Оди против себе и сите
црни дупки ќе те проголтаат.

Сакај.
Не биди пичка.

Нема еден.
Сите сме едно.

Во борбата за енергија навидум губи еден.
А губиме сите.

Биди и Исус, и Алах и Далај.

Создади се себеси одново.
Прекрсти се.

Бори се со ѕверови.
И твои.
И земни.
Ама остани човек.

Ова е универзум каде нема спокој.
Единствено е важно да бидеш среќен.

# ТЕШКО Е ДА ВЕРУВАШ НА ЧЕРГАР

Јас сум пекол.
Два круга од него.

И рај сум.
Темнината и светлоста која извира
од почетокот.

Те предизвикувам да дојдеш.
Ајде, дојди.
Не биди пичка.

Тешко е да му веруваш на талкач.
Знам.

На жена која измислува светови кои
не постојат.
Моите очи ќе ти ги кажат лагите кои
сакаш да ми ги кажеш.

Тешко е да веруваш дека денес сум овде
со срце и душа.
А утре ќе ме колнеш.

Сакам само да бидам среќна.

Проклетсво ме следи.

Сакам слобода.
Сакам да трчам боса.
Да викам гласно.

Дојди блиску до мене.
Ама не ме убивај.
Не ме убивај.

Не ми врзувај јазол на вратот.

Ќе го изгризам и ќе истрчам далеку.

# ЦРВЕНО

Страст.
Црвена како крв.
Боли како бавна смрт.
Смрди како мрша.

Врисок.
Од задоволство.
Од болка.
Што си сечив, а ничив.

Огнови.
Не ги гасам.
Поспокојни се од пепелот.
Нека горат, нека си ебат мамата.

Демони.
Мои се, ама ми ја драпаат душата.
Не сакам мирно море.
Не сакам дом.
Не сега.
Не вака.

Возови.
Свират и пиштат.
Одат навака и натака.
Сакам да патувам со сите.
Ама не можам.
Седам на едно искинато и старо седиште.
Седеле многу на него пријателе, се гледа.

Душата му ја извадиле.
И распарчиле.
Мамата му ја ебале.

# МЕД И КРВ

Ноќ.

Отсекогаш состојба на умот,
никогаш механичко отсуство на светлина.

Јас.

Темна хероина што ги покосува своите
емоции.
Никогаш поразена.
Никогаш победник.

Гледав директно во очите на оние
на кои им го ставав ножот паралелно со
вратната жила.

Секогаш се плашев.
Секогаш одев прва.

Пороци.

Ме одржуваа ментално здрава.
Физички јака.
И исцрпена.

Дамки.

Раскажуваат приказни.
Презумпција на живот.
Заби на вратот, модрици на струкот.

Полна чаша пикавци, празна чаша вино.



# СУДБИНО КУРВО

Блиску до војна.
Ладен збор, врућа душа.
Не ја отворам портата, а умирам
да бидеш мој гостин.
Налудничавост, ама само поради тебе.

Глумиш ли?
Чувствуваш ли како ја губам оваа
партија?
Дали гледаш дека губиме?
Или си на врвот на светот со твоите
шугави принцези?

Стојам пред тебе како потчинета.
Господ знае како стигнав овде.
Се бранам, се плашам од твоите
привидни вистини.

Како црна клетва си ми седнат на грбот.
Сакам да те тргнам ама не одиш.
Не бегаш пријателе, ама не ја ни држиш
мојата душа.

Не знам дали ми е тука местото, ама
не знам ни каде да одам.
По друмови скитам, никако да најдам
гравитација.
Не знам ни дали сакам огниште.
Не знам дали чукнал часот да бидам
нечија.

Друм ми е перница.
Друм ми е постела.

Ладно е, осеќаш ли?

Иста крв сме.
Талкачи.

Се капеме во истата вода.
Воздишки, различни здивови, души
и погледи.
После секој грев, се враќам почиста
кај тебе.
После секој нов свет кој го откривам
сфаќам.
Твојот е најубав од сите светови.

# КИСЕЛИНА

Освен мажот кој го сакам,
и песна која ми се врти во глава
со денови,
се останато околу мене се менува.

Одам некаде.
Не секаде.
Ретко знам каде.

Грешен правец.
Најчесто.
Па го менувам.

Претрупани емоции.
Потрупани со ладнокрвен поглед.

Умирам за него.
Живеам за слобода.

Плачам.
Солзите како киселина ми навлегуваат
во порите.
Боите пиштат.
Звуците дречат.

Ти се растопуваш пред моите очи како
топка сладолед ставена во рака.

Свесно трчам по стакло.
Капки крв ги прскаат оние кои седат
од страна.
Јас гледам само одблесок од сонцето
во срчите.

Ме убива.
А пожива не сум била.



# МОЛИТВА

Јади ме.
Распарчи ме.
Душата исцицај ми ја.

А јас ќе седам мирна и ќе кажувам молитва.

Ќе ја кажувам на седум различни јазици.

Седум степени на ослободување.

## 21

Не успеав да ти се прошверцувам
во душата.
Телото си го даваш.
Како да имаш сто.
Душата ја чуваш.
Како да немаш ни една.

Имаш ли?

Или продаде дваесет и еден грам од себе?

# МАРИОНЕТА

Душа тешка колку коскиве.
Црна како беливе дробови.
Отровна како мојава склоност на
самоуништување.

Можам да направам се'.
Да бидам блудница.
И светица.
И маченик.
И боемчина да бидам.

Светло и ден, за милисекунда.
Гром и ведрина.
Писок и спокој.
Те сакам и те мразам.

Лажам како вештерка.
Моите слабости не ти ги давам.

Марионета на своето его.
Тоа сум јас.

# МОЌ

Пред тебе моите внатрешни демони
молчат.
Тивки се.

Се претвораат во мали мачиња пред
твојата моќ.
Се борат за живот.

Твојата очна рожница им ги врзува
канџите.
Со кроток поглед пробуваат да те
натераат да доминираш над нивните
слаби души.

# ЛУД БАТЛЕР

Ти.
Ти, кој што ќе бидеш мој некогаш.
Ти, кој што не те познавам.
Ти, кој што ќе ми ги излижеш раните како
пес, и ќе ме зацелиш.
Ти кој ќе бидеш Господар на мојата
апокалипса.
Ти мора да знаеш...

Ако ме видиш..трчај со мене.
Биди доволно храбар да танцуваш
со моето лудило.

Не дозволувај да станеме оние што сто
пати пред
да зајде сонцето си кажале те сакам.

Не сакам.
Се плашам од тоа, како што тој се плаши
од мене.

Ако успееш да влезеш во моите одаи, ќе
видиш..
Јас не живеам сама.

Црвени се ѕидовите.
Свилени се постелнините.
На јастучниците има траги од црни солзи.

Две девојки.
Две девојки те чекаат во моите одаи.
Едната сум јас, а другата не ја знам.
Веројатно неа треба сите вие да ја знаете
кучиња едни касапски.
Мене не прашувајте ме за неа.

Викаат ладна е.
Никого не сака.
Не знае да чувствува.
Одвратна е.
Лаже.
Се прави црн ѓавол сосила.

Ах како сакам да прекине да ми се меша.
Ама не можам.
Како луд батлер застанала пред мојата
куќа и ги пречекува
сите кои сакаат да влезат.
Со стап ги брка.
Ги пцуе.
Им вели да си одат.
Им вели дека сите се крадци и измамници.
Им вели да се изгубат од тука.

Им вели да го остават она што неа и'
припаѓа.

А јас седам внатре на еден дрвен стол.

Се клацкам.
Умирам од самотија.

Дојди.

Тргни ме од него.

# ЕЈ ЏУКЕЛО

Ќе се сретнеме пак.

И ќе ти кажам како те сакав.
Како ми идеше душата да ти ја испијам,
за да не ти ја пие друга.
Како ми идеше очите да ти ги ископам,
за да не гледаат жени.

И ќе бев таа што ќе носеше црно ако
умреше.
И ќе ти носев вода насабајле по испиена
бочва вино вечерта.
И ќе ти праев кајгана и кога ќе ме мрзеше
да постојам.

И ние ќе бевме едно.
И тие ќе беа останатиот свет.
Тотално небитен за нас.
Ќе ги проаѓавме како простак што проаѓа
просјак на улица.
Ќе ги бркавме како јас Јеховини од пред
врата.
Ќе бевме едно џукело една.

Ќе се сретнеме пак.

И ќе ти речам и јас се плашев од љубов.
И ќе ти кажам дека никогаш не сакав
да те затворам.

Ќе се сретнеме пак.

И ќе ти речам дека и јас повредувам луѓе.
И ќе ти речам дека и јас сум скот.
И ќе ти речам дека бегам од сите.
И ќе ти речам дека и јас се плашев кога
ќе ми се приближеше преблиску.

Ќе се сретнеме пак.

И пак ќе ти смета мојот јак парфем.
И пак ќе ти смета тоа што ги оставам
прстените по цел стан.
И пак ќе ти смета што пушам.
И пак ќе ти смета што сум наивна.
И пргава.
И несмасна.
И гласна.

Ќе се сретнеме пак.

И ќе ти кажам дека беше пичка.
И ќе ти кажам дека дозволи стравот те
изеде и да не ја играш играта со кеиф.
И ќе ти кажам дека никогаш не застана
до мене.
И ќе ти кажам дека никогаш не ми беше
потпора.
И ќе ти кажам дека си отидов од тебе
зошто не можев да поднесам да сум
невидлива.

А ти ќе ме прашаш дали сум добила.

# MAKE IT DOUBLE

Внатрешен демон.
Кучка.
Долго ја водам борбава.
Со себе.
Со неа.

И не знам..
Денес сум изморена и немам душа.

Утре е нов ден.
Утре ќе сакам да трчам до крај на светот.

Денес сакам да ставам кров над себе.

Еј знаеш ли колку се борам со неа?
Борец е маме и ебам.
Не се дава кучката.

Не им дава на другите да ме видат.
Не ми дава ништо да извадам
на виделина.
Ме прави тоа што не сум.

Го сакам, а не ми дава да му кажам.
Го мразам, а не ми дава да го опцујам.

Ме чува како љубоморен балканец.
Мора да ме сака.

Би и ја исекла главата, ама живеам
од неа.



# СОВРШЕНА БУРА

Језиво е што се убедувам дека јас фрлам
оган на водата.
Таа ќе биде мој пораз.
Ќе ме уништи и пеплоса.

Болно е како себеси се убедувам дека јас
го заоѓам сонцето.

Ама..

Пеколно е добар начинот на кој ме
управуваш кога ќе се стемни.

Убав е начинот на кој се смееш.
Убав е начинот на кој ме убедуваш дека
се ќе биде во ред,
дури и кога сам не си убеден во тоа.

Убаво ми е да мислам дека има оган,
а чад нема никаде.

Едно знам.

Замавнувам.
И создавам ветер.

# ЛОША КАРТА

Наебав.
Налетав на проколнато парче кожа.
Ѓаволска.

Бегам.
Одам од тебе.
Се враќам по тебе.
Трчај со мене!

Биди немирен.
Биди неспокоен.
Сакај ме и мрази ме во исто време.

Дојди гол.
Дојди и легни до мене.
Остани во мене.
Осеќаш ли дека си мој?
Јас не.

# ВРЕМЕ

Ќе се разделиме.
Ќе одлетам од тебе како младо пиле
од гнездо.
Знам дека ќе можам да летам.

Ти ме научи да живеам сама.

Ти ќе свириш некои акорди што јас многу
добро ги знам.
Јас ќе пишувам песни кои ти никогаш не
ни ги читаш.

И ќе се раздени.
И ќе се стемни.
И така милион пати.

Ќе бидеме безгрижни.

А некогаш..
Само некогаш..
Ќе ми фалиш.

Некогаш.
Кога ќе поминам од тоа место.
Кога некој мирис ќе ми пушти стар филм
во глава.

И ќе си кажам.

Времето е кучка.
Времето лета.
Времето трча.
Не те прашува каде.
Ни како.

Тоа знае дека треба да оди по ѓаволите.

# ТОПЛА КРВ

Си отидов.
Осети ли?

Мојот здив веќе не е во твојот врат.
Ти недостасува?

Мојата налудничавост?
Мојата топла крв?
Моите маани?
Мојата кожа?

Моето хистерично смеење?
Ќе ти одекнува во ушите уште долго.
Како камбана која не престанува да чука.
Како срцебиење.

Се изгубив.

Овде е црно.
Темно е.

Овде нема светови за кои само јас и ти
знаеме.
Нема фикција.

Црвена сум.
Од толку удари.
Од толку понизни клекнувања пред тебе.
Од сите твои каприци.

Твојата рамнодушност ме истера.
Ништо друго.
Не се срами.
Исти сме.



# ЕЈ ТИ

Не си осетил ни пола од мене.
Ни пола од мојот дивјачки нагон.
Ни еднаш.

Не дозволив.
Да слушнеш..
Како силно вртеше во мојата душа.

Дозволив да ме слушнеш само кога беше
меѓу моите бедра.
Кога немав здив од гревови.
Кога знаев дека само ти можеш така да ме
натераш да викам.
Кога кожата ми беше топла.

Си имал други.
Црнила.
Белина.
Си ги скврнавел.
Оргазми.
Вриштења.

Дали се перверзни како јас?
Дали ги знаат тајните места?
Сигурно.

За мене си еден.
Еден.
И болка нека е.
Од тебе нека е.

Не сум била само јас никогаш.
Знам.

Моето место нека остане недопрено.

Кога ќе ги снема.
Тогаш ќе ме осетиш.
Целосно.

# МОЛЊА

Посран февруарски ден.
Моите набрекнати брадавици.
Твојот гладен волчешки поглед.

Тргнав по тебе.
По твојата страна од крстопатот.
Таму те чекав.
Да ти ја продадам душава.
За ситни пари.

Трепнав, само трепнав жими крст.
Ти веќе беше влезен под мојата кожа.
Пијавица.

Знаев дека ќе бидеш  мој грев.
Знаев и дека ќе биде грев ако не бидеш.

Адреналин и алкохол.

# МЕТАСТАЗИРАМЕ ЉУБАВИ

Јас.
Ти.

Сите ефтини алкохоли на светот.
Сите цигари во колава.

Ништо не го загадува воздухот повеќе
од нас.
Токсични сме бре гнасо една.

Ти си ментол бомбона.
Јас сум кока кола.

Ти си црв.
Јас сум цреша.

Ти си месо.
Јас метастаза.

Ти вруќ хероин.
Јас нababрена вена.

# ТРЧАЈ!

Трчам.
Итам.
Секогаш брзам.

Фрлам зрнца пченка позади мене.
На земја ги џиткам.
Да знам како да се вратам.

Предалеку сум.

Проклетство!

Птици на небото.
Камо да беа мршојадци.

Ја изеле пченицата.
Птици проклети.
Да им ја ебам мајката.
Проклети да се.

# МАГЛА

Посегам по него.
Се плаши.
Бега.

Доаѓа на одредена далечина, па бега
далеку.
Па пак доаѓа, па бега.

Одам од него.
Ме следи во чекор, тивко со шепите.
Како сенка.

Мразам мачори што не ми даваат
да ги галам.
Ги презирам.
Ми иде да ги шутнам.

# ПЛЕВЕЛ

Се препознавам во скршено огледало.
Во матна вода се гледам.

Без кочници.
На кочија со диви коњи.

Појма немам каде одат пријателе.
Ама убаво е.
Овде има ветер.
Не смрди на застојани емоции.

Овде има сонце.
Овде нема его.
Овде не постои време.

Не постои разум.

Тоа ме плаши.
И ме држи во исто време.

Корни ме од себе колку сакаш.
Пак ќе ти пораснам меѓу ребрата како
плевел.

Каде ќе паднам, таму станувам.

# ЦРНИ ОРХИДЕИ

Ги осеќам.
Ги осеќам во мене.

Сите жаби неисплукани.
Сите цветови неизникнати.

Ја поразуваат гравитацијата на мојата
темна душа.

Секогаш лебдат.

Лебдат во мојот ребрен кафез
и танцуваат како курви.

Корени имам во под кожата.
Корени на црни цветови со бели
толчници.

Ќе никнат на полна месечина.

# КОВЧЕГ БР.39

Градов е празен.
Град на духови.
Пискотници од друмовите.



# ЈОШ БОЉЕ

Шшш..

Ќе ти ја соблечам душата.
Ќе си играм со неа.
Ќе ти ја чувам.

Ќе ти ја гребам понекогаш.
За да си поиграм.

Дај ми ја.
Сакам да ја имам.
Ќе ти ја чувам.

Јас се плашам да зборувам.
Така ме научија.

Гледај ме во зениците.
Ќе го дознаеш тоа што не ти го кажувам.

Молчам.
А ти кажав повеќе од доволно.

Душава ми е партал.
Ама убава е.
Не е покварена.

Само малку е сублимирана.

Темница е позади.
Не сфаќам од каде доаѓаш.

Још боље.



# ТВОЈОТ СТРАВ

Во друг живот.
На некое друго место.
Ќе бидам твое засолниште.

Во друг живот.
На друго место.
Ќе кажеш дека сум твоја.

Во друг живот.
Се знаеме јас и ти од некое друго време.
Ќе се најдеме пак и во наредниот.

Во друг живот.
Овој е преполн со разврат и црвени
светла.

Во друг живот.
Ќе лежам на твојот кревет.

Сега ползам под него.
Се кријам.
Подмолно.

Твојот најголем кошмар.
Најголем страв.

# ДАЛИ СЕ ОДРЕКУВАШ ОД САТАНАТА?

Дојде и зората.
Ми ја плесна во фаца љубовта што ја
немаше никогаш за мене.

Јас и` ветив дека ќе направам се' за да
се одречам од тебе.
Како кум на крштевка што се одрекува
од ѓаволот.

Три пати.

Дали се одрекуваш од него?
Се одрекувам.

Дали се одрекуваш од Сатаната?
Се одрекувам.

Се одрекуваш ли?
Шшшш..

# КОЦКА

Кога мислиш дека сум тука,
си одам.
Не е намерно пријателе.
Играм игри.

Во крвта ми се.

Фрлам коцки.
Пишувам бројки.

Ставам еден куршум во револверот.

Пукам во себе.
Па во тебе.
Па во нив.

## СОДРЖИНА

Зигот ..... 5
Тешко е да веруваш на чергар ..... 6
Црвено ..... 8
Мед и крв ..... 10
Судбино курво ..... 12
Киселина ..... 14
Молитва ..... 16
21 ..... 17
Марионета ..... 18
Моќ ..... 19
Луд батлер ..... 20
Еј џукело ..... 23
Make it double ..... 26
Совршена бура ..... 28
Лоша карта ..... 29
Време ..... 30
Топла крв ..... 32
Еј ти ..... 34
Молња ..... 36
Метастазираме љубави ..... 37
Трчај! ..... 38
Магла ..... 39
Плевел ..... 40
Црни орхидеи ..... 41
Ковчег бр.39 ..... 42
Још Боље ..... 43
Твојот страв ..... 45
Дали се одрекуваш од Сатаната? ..... 46
Коцка ..... 47